08-173/2
17-06-2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на првото продолжение на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08- 173/1 од 10.01.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08- 173/1 од 10.01.2024 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08- 173/1 од 10.01.2024 година е оформен по пријава од познат подносител која се однесува за не доставување на образец за промена на имотна состојба од страна на лицето ____________, член на Совет на општина ________.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел да ја утврди фактичката состојба изврши увид во својата евиденција и констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок има поднесено образец за промена на имотна состојба и интереси.

Од горенаведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, советник
**Одобрил:** С.Д, член

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**